РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-340/3
10.03 2022 год.
КОНЧЕ

М. Лазарова
22.03.2022

Друштво за производство, трговија и услуги
РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 85-3/22
10.03 2022 год.
Кочани

# ДОГОВОР
## за набавка на прехранбени и други производи

Склучен во Конче на 10.03.2022 година

Договорни страни:

1. Општина Конче, со адреса с.Конче, 2424,Конче, Р.Македонија застапуван(о) од Златко Ристов, градоначалник (во натамошниот текст: Договорен орган) и
2. ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ-Кочани, застапувано од Татјана Величкова (во натамошниот текст: Носител на набавката)

ул.Ленинова, бб, Кочани
ЕДБ МК 4013001114050
матичен број 5540232

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу општина Конче од една страна како Договорен орган и ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ Кочани од друга страна како носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на прехранбени и други производи, за потребите на договорниот орган.

Договорот се склучува врз основа на единствена и прифатлива понуда поднесена од понудувачот ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ, Кочани по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број 02839/2022 објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки, Извештај од спроведена постапка и Одлуката за избор на најповолен понудувач број 09-340/2 од 08.03.2022 година, донесена од одговорното лице на договорниот орган.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Цената на предметот на набавката ќе се определува согласно добиената понуда за единечни цени во вредност од 8.621,00 денари, добиена по извештај од спроведена постапка.

Вкупната вредност на овој договор нема да надмине **230.000,00** без пресметан ДДВ, односно **271.400,00** денари со вклучен данок на додадена вредност.

## III. ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се склучува на определено време за период од една (1) година од денот на склучувањето на овој договор.

Договорот се смета за реализиран по истекот на периодот од ставот 1 на овој член или по достигнување на максималната вкупна вредност од член 2 став 2 на овој договор.

## IV. ДИНАМИКА, НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА

**Член 4**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорачува сукцесивно, за време од 1(една) година, по претходно направена нарачка и рок на испорака максимум 3 дена.

## V. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 5**

Носителот на набавката е должен во фактурата да ги наведе количините на испорачаните стоки.

**Член 6**

При изготвување на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе особено и следните елементи:

- Назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- Број и датум на Договорот;
- Количина, поединечна и вкупна вредност на испорачаните производи;
- Вкупна цена на фактурата;
- Пресметка на ДДВ;
- Валута на плаќање.

Секоја поединечна испорака се смета за извршена со квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка на денот на потпишување на испратницата од двете договорни страни.

Заедно со доставената фактура, Носителот на набавката е должен да достави:

- Испратница потпишана од овластено лице.

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Плаќањето на предметот на набавка ќе се изврши вирмански во рок од 30 (триесет) дена по приемот на фактурата од страна на овластено лице на договорниот орган.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 8**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорачува сукцесивно, за време од 1 (една) година, требуваната стока да биде доставена до седиштето на договорниот орган во максимум од 3 (три) дена по добиена нарачка.

**Член 9**

Приговор за квалитетот на стоките се доставува до носителот на набавката веднаш или најдоцна во рок од 3 (три) дена.

Носителот на набавката е должен во рок од 3 (три) дена да преземе мерки за решавање на приговорите.

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача прехранбените продукти и пијалоци согласно утврдениот квалитет на декларираните производители на производите и техничката спецификација.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 10**

Договорниот орган е должен да ја плати вредноста на испорачаните стоки во рок од 30 (триесет) дена од денот на доставување на фактурата од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин утврден со овој договор.

**Член 11**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно испорачувањето на предметот на договорот.

Доколку Носителот на набавката испорача прехрамбени продукти и пијалоци со понизок квалитет или друг вид, Договорниот орган нема да ги прими, а истите ќе бидат вратени на товар на Носителот на набавката.

**Член 12**

Сметката (Испратницата) задолжително се потпишува од страна на корисникот.

Проверка на сметката (Испратницата) овластениот корисник ја врши на самото продажно место и веднаш ги изјавува евентуалните забелешки, а по потпишувањето на сметката дополнителните рекламации нема да се признаваат.

## IX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 13**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## X. ВИША СИЛА

**Член 14**

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се дојде до заедничко прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Струмица.

## XII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 16**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а има право и на надомест на штета.

**Член 17**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата страна ќе и остави примерен дополнителен рок од три (3) дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполнила својата обврска ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 18**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 19**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено и во согласност со Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на овој договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 20**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 21**

За секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

**Член 22**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Договорниот орган и Носителот на набавката.

Овој договор влегува во сила со денот на неговото склучување.

Прилог:

- Копија од образец на понуда.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
Општина Кочани
Градоначалник
Златко Ристов

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ
Управител
Татјана Величкова

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот *02839/2022* објавен од страна на Општина Конче за набавка на прехранбени и други производи за потребите на Општина Конче со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ДООЕЛ РИКИ ЈУНИОР
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул. Ленинова бб, Кочани
- Телефон:078/420-869
- Факс: /
- Е-пошта: rikijunior@yahoo.com
- Лице за контакт: Виолета Костадинов

I.3. Одговорно лице: Татјана Величкова
I.4. Даночен број: МК4013001114050
I.5. Матичен број: 5540232

## Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги испорачаме следните стоки:

| Ред. Бр. | Опис | Единица мерка | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Газиран освежителен пијалок: Состав: ароматично средство - кофеин со вкус на карамел Аамбалажа: пластика Волумен: мин .1000 ml. макс.1500 ml. | литар | 58 | 10.44 |
| 2. | Газиран освежителен пијалок : Состав:со вкус на портокал - мин 3% Амбалажа:пластика Волумен:мин. 1000 ml. макс.1500 ml. | литар | 50 | 9 |
| 3. | Газиран освежителен пијалок Состав: со вкус на лимон-мин 2% Амбалажа: пластика Волумен:мин. 1000 ml. макс.1500 ml. | литар | 50 | 9 |
| 4. | Овошен сок од портокал со 100% овошна содржина без додаток на шеќер, без конзерванси, пакуван во картонска амбалажа обложена со непропустлива | литар | 89 | 16.02 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | алуминиумска фолија од минимум 1,0 литар до мак.1,5 л. | | | |
| 5 | Овошен сок од јаболко со 100% овошна содржина без додаток на шеќер, без конзерванси, пакуван во картонска амбалажа обложена со непропустлива алуминиумска фолија од минимум 1 литар до мак.1.5 л. | литар | 75 | 13.5 |
| 6 | Ммминерална газирана вода<br>Состав: газирана природна минерална вода<br>Амбалажа: пластика<br>Волумен: мин.1500 ml макс.2000 ml | литар | 20 | 3.6 |
| 7 | Минерална негазирана вода:<br>Состав: негазирана природна минерална вода<br>Амбалажа: пластика<br>Волумен: мин.1500 ml макс. 2000 ml | литар | 22 | 3.96 |
| 8 | Минерална газирана вода<br>Состав:газирана природна минерална вода<br>Амбалажа:пластика<br>Волумен: мин. 250 ml макс. 500 ml | литар | 35 | 6.3 |
| 9 | Минерална негазирана вода<br>Состав: негазирана природна минерална вода<br>Амбалажа:пластика<br>Волумен: мин.250 ml макс. 500 ml | литар | 38 | 6.84 |
| 10 | Леден чај со вкус на праска<br>Состав:овошен чај<br>Пакување: мин 1000 ml. макс 1500 ml | литар | 35 | 6.3 |
| 11 | Кафе вакум – фино мелено печено кафе , големина на пакувањето од 100 грама да 1000 грама,состав робуста и арабика | кг. | 500 | 90 |
| 12 | Растворливо кафе во гранули<br>Состав – минимум 25% кафе<br>Пакување – минимум 100гр до максимум 500 гр . | кг. | 1800 | 324 |
| 13 | Какао прав<br>Состав: мин 20% какао путер<br>Пакување: мин. 100 gr макс.500 gr | кг. | 450 | 81 |
| 14 | Обелувач за кафе , пакување од 200 до 400 гр. | Кг. | 160 | 28.8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Шеќер рафиниран бел:<br>Големина на пакување: од 900 до 1000 gr. Во едно пакување | кг. | 78 | 14.04 |
| 16 | Чоколадни бонбони – чоколаден десерт со фино мелен лешник 32% какао делови , најмногу 5% суви материи , 20 гр. До 40 гр. Мелени лешници на 100 грама производ во пакување до 250 гр. | Килограм | 500 | 90 |
| 17 | Лешници – II класа печени во рефус<br>Пакување до 1 кгр. | Килограм | 750 | 135 |
| 18 | Бадеми солени – II класа ,печени во рефус.Големина на пакување од 0,5 до 1 кгр. | Килограм | 750 | 135 |
| 19 | Кикирики – II класа без лушпа , солени печени во рефус.Големина на пакување од 0,5 до 1 кгр. | Килограм | 230 | 41.4 |
| 20 | Фстаци - II класа , солени печени во рефус.Големина на пакување од 0,5 до 1 кгр. | Килограм | 600 | 108 |
| 21 | Сончогледово рафинирано масло за јадење од сончоглед(пакување од 1 литар до 5 литри) | литар | 125 | 22.5 |
| 22 | Сол ситна прехранбена варена јодирана да содржи минимум 20-20 мг. Јод/кгр. До 1000 грама) | Килограм | 25 | 4.5 |
| 23 | Оцет алкохолен бел со минимум 6% до максимум 9% киселина во пакување до 1 литар | литар | 30 | 5.4 |
| 24 | Чај шумско овошје филтер<br>Амбалажа:хартиени кеси од мин 1,5 gr<br>Големина на пакување: мин 20/1 во едно пакување | пакување | 80 | 14.4 |
| 25 | Чај мајчина душица филтер<br>Амбалажа:хартиени кеси од мин 1,5 gr<br>Големина на пакување: мин 20/1 во едно пакување | пакување | 70 | 12.6 |
| 26 | Чај камилица филтер<br>Амбалажа:хартиени кеси од мин 1,5 gr<br>Големина на пакување: мин 20/1 во едно пакување | пакување | 50 | 9 |
| 27 | Чај нане филтер<br>Амбалажа:хартиени кеси од | | 50 | 9 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | мин 1,5 gr<br>Големина на пакување: мин 20/1 во едно пакување | пакување | | |
| 28 | Чај планински филтер<br>Амбалажа:хартиени кеси од мин 1,5 gr<br>Големина на пакување: мин 20/1 во едно пакување | пакување | 45 | 8.1 |
| 29 | Чај брусница филтер<br>Амбалажа:хартиени кеси од мин 1,5 gr<br>Големина на пакување: мин 20/1 во едно пакување | пакување | 75 | 13.5 |
| 30 | Чај аронија филтер<br>Амбалажа:хартиени кеси од мин 1,5 gr<br>Големина на пакување: мин 20/1 во едно пакување | пакување | 60 | 10.8 |
| 31 | Чаши пластични од мин.0.2 л, во пакување од минимум 100 броја до максимум 200 броја | парче | 1 | 0.18 |
| 32 | Чинии пластични со минимум пречник од 20 см., во пакување од минимум 10 броја до максимум 50 броја | парче | 1 | 0.18 |
| 33 | Вилушки пластични со минимум должина од 17 см. , во пакување од минимум 10 броја до максимум 20 броја | парче | 3 | 0.54 |
| 34 | Тоалетна хартија – листови , 100% целулоза , бела боја , минимум двослојна со минимум 200 листа во сет | сет | 45 | 8.1 |
| 35 | Брисачи за раце – минимум двослојна , битувани и перфориран состав – 100 % целулоза , ширина од 25 – 30 см. | Ролна | 40 | 7.2 |
| 36 | Течен сапун – за миење на раце со ph неутрален фактор , антибактериски во пакување од 0,3 до 1 л. Без пумпица | литар | 80 | 14.4 |
| 37 | Средство за рачно миење на садови во пакување до 1 литар | литар | 70 | 12.6 |
| 38 | Средство за чистење на ламинат во пакување од 0,3 до 1 л. | литар | 65 | 11.7 |
| 39 | Средство за чистење на плочки во пакување од 0,5 до 1 л. | литар | 75 | 13.5 |
| 40 | Средство за чистење на стаклени површини , парфем , пумпа за распрскување од 500 мл. до 1 л. | литар | 70 | 12.6 |
| 41 | Сунѓер со абразивна подлога за | | 10 | 1.8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | миење на садови , димензии минимум 9x5 см. | парче | | |
| 42 | Вреќи за отпад , ПВЦ големи од 90 до 120 л. од минимум 10 во пакување | парче | 10 | 1.8 |
| 43 | Вреќи за отпад , ПВЦ мали од 55 до 60 л. од минимум 10 во пакување | парче | 6 | 1.08 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44 | Стандарден џогер за чистење на подови минимум 28/9см. | парче | 190 | 34.2 |
| 45 | Метла – пластична со рачка со димензии на рачка од 80 до 120 см. И димензии на делот за чистење од 25 см. до. 35см. | парче | 150 | 27 |
| 46 | Крпи за чистење на маси и други површини(микрофибер) со димензии 330x330 +/-20% | парче | 40 | 7.2 |
| 47 | Освежувач на простории во пакување од 0,2 до 0,7 со распрскувач | литар | 150 | 27 |
| 48 | Плински боци тип 400 (мали)до 200 гр.метан | парче | 40 | 7.2 |
| 49 | Средство за чистење тоалет и санитарија, за отстранување на бигор, трвдокорни нечистотии и бактерии, пакување од 500 мл до 1 л | литар | 75 | 13.5 |
| 50 | Сијалици Лед E27 Omni 10W | парче | 100 | 18 |
| 51. | Диспанзер со сензор за бришач за раце | парче | 500 | 90 |
| СЕ ВКУПНО | | | **8621** | **1551.78** |

I.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака на стоките утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 8621 *[со бројки]* ( осум илјади шестотини дваесет и еден ) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 1551.78.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
III.3.Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум — Одговорно лице*

Кочани, 04.03.2022 година — ______________________________

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице